ИНТЕРПРОМЕТ
а. д.
Бр. 0201-431/1
07.09.2021 год.
ТЕТОВО

Врз основа на член 383 од Законот за трговските друштва и член 20 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 – пречистен текст на Статутот заведен во Друштвото под број 0101-125/1 од 12.03.2019 година, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 07.09.2021 година во Тетово, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За измени и дополнувања на Статутот
## на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871.

**Член 2**

Членот 10 од Статутот на Друштвото се менува, и изменет гласи:

"Друштвото во рамките на предметот на своето работење во внатрешниот промет, ќе ги врши сите дејности според Националната Класификација на Дејностите, додека за дејностите за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган друштвото дополнително ќе ја побара.

Трговското друштво ќе ги врши евидентираните дејности во надворешниот трговски промет.

Приоритетната дејност на Друштвото ќе биде: 68.20 – Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)."

**Член 3**

Членот 13 од Статутот на Друштвото се менува, и изменет гласи:

"Основната главнина на Друштвото изнесува 216.918.128,00 денари која како противвредност е изразена и во ЕВРО и изнесува сума од 3.579.043,00 ЕВРА, а се состои од 67.314 акции од кои:

- 66.973 обични акции во вкупна номинална вредност од 215.861.427,00 денари односно во противвредност изразена во ЕВРО во износ од 3.561.608,00 ЕВРА;
- 341 приоритетни акции резервиран општествен капитал за поранешните сопственици во вкупна номинална вредност од 1.056.701,00 денари односно во противвредност изразена во ЕВРО во износ од 17.435,00 ЕВРА."

**Член 4**

Членот 14 од Статутот на Друштвото се менува, и изменет гласи:

"Номиналната вредност на една акција изнесува 53,17 ЕВРА."

**Член 5**

Членот 19, став 3 од Статутот на Друштвото се менува, и изменет гласи:

"Овластувањето на полномошникот од став 1 на овој член се дава со потпишување на писмено полномошно."

**Член 6**

Членот 35, став 7 од Статутот на Друштвото се менува, и изменет гласи:

"Членовите на Управниот одбор можат да бидат повторно избрани за членови на Управниот одбор."

**Член 7**

Членот 45, став 8 од Статутот на Друштвото се менува, и изменет гласи:

"Членовите на Надзорниот одбор можат да бидат повторно избрани за членови на Надзорниот одбор."

**Член 8**

Останатите одредби од Статутот на Друштвото остануваат непроменети.

**Член 9**

Се овластува и задолжува управниот одбор да изготви Пречистен текст на Статутот на Друштвото, како и да ги преземе сите со закон дозволени и пропишани дејствија заради упис на промените на Статутот и доставување на Пречистениот текст до Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 10**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на управниот одбор на Друштвото идентификувана е потреба од измени и дополнувања на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово заради усогласување на иститот со актуелните состојби и законски решенија, па оттука е поведена соодветна иницијатива за измени и дополнувања. Причините за измените и дополнувањата на Статутот се како што следи:

Согласно одлука на Собранието на акционери 0201-179/1 од ден 12.04.2021 година, а врз основа на одобрение на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија број 10-УП1-67 од ден 22.06.2021 година, Друштвотото во месец јули 2021 година спроведе постапка за јавна понуда за отуѓување на 2686 сопствени обични акции. Предметната постапка заврши неуспешно, со оглед на тоа дека во роковите предвидени со одлуката на Собранието на акционери бр. 0201-481/1 од ден 20.09.2019 година, проспектот и поканата за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда не беа запишани акции.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Друштвото согласно член 336 став 2 од ЗТД, има обврска да ги поништи сопствените 2686 обични акции кои беа предмет на јавната понуда. Со поништувањето на акциите доаѓа до намалување на бројот на акции на Друштвото, поради што

е неопходно променетиот број на акции, како и зголемениот износ на номиналната вредност по акција, соодветно да се запишат во Статутот. Поради оваа причина се вршат измените на член 13 и 14 од Статутот.

Членот 10 од Статутот се менува заради усогласување на дејностите на Друштвото со Националната класификација на дејности и Законот за трговските друштва, додека членот 19 став 3 се менува со цел негово усогласување со актуелното законско решение предвидено во одредбите од ЗТД кое се однесува на застапување на акционер.

Членовите 35, став 7 и членот 45, став 8 се менуваат со цел да се овозможи продолжување на контиунитетот при работењето на Друштвото, како и имплементација и реализација на поставените планови и стратешки цели за наредниот период.

Имајќи го во предвид горенаведното, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово донесе одлука како во диспозитивот.

**Собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**
**Претседавач:**

интерпромет а.д. ТЕТОВО 1